**2024023626**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 83 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22, 129/23 и 253/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕКУЛТИВАЦИЈА НА ДЕГРАДИРАНИ ПРОСТОРИ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат напуштените деградирани простори за кои што ќе треба да бидат преземени мерки за рекултивација, начинот на рекултивацијата, висината на потребните средства за рекултивација, како и начинот на управување со инсталациите за отпад што се последица од експлоатацијата на минерални суровини на лежишта од кои е исцрпена минералната суровина за 2024 година.

II

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23) во износ од 2.000.000,00 (два милиони денари), раздел - 10001, програма 2, потпрограма 20 - Искористување на природните ресурси, категорија – 48 – капитални расходи, ставка – 485 (вложувања и нефинансиски средства).

III

Средствата од дел II од оваа програма се наменети за изработка на проекти за рекултивација на напуштените деградирани простори со кои ќе бидат преземени мерки за рекултивација, ќе биде утврден начинот на рекултивацијата, како и начинот на управување со инсталациите за отпад што се последица од експлоатацијата на минерални суровини на лежишта од кои е исцрпена минералната суровина и тоа:

| Реден број | Назив на проектот | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Проект за рекултивација на деградиран напуштен простор на локалитетот „Алчак“ с.Долно Коњаре, Општина Петровец | 900.000,00 |
| 2. | Ревизија на Проектот за рекултивација на деградиран напуштен простор на локалитетот „Алчак“ с.Долно Коњаре, Општина Петровец | 100.000,00 |
| 3. | Проект за рекултивација на деградиран напуштен простор на локалитетот „с.Огњанци“, Општина Петровец | 900.000,00 |
| 4. | Ревизија на Проектот за рекултивација на деградиран напуштен простор на локалитетот „с.Огњанци“, Општина Петровец | 100.000,00 |

IV

Проектите од дел III од оваа програма ќе се реализираат по претходно спроведена постапка за јавна набавка од Министерството за економија.

V

Министерството за економија за реализираните буџетски средства ќе достави извештај за реализација на Програмата за рекултивација на деградирани простори до Владата на Република Северна Македонија, на усвојување најдоцна до 31 јануари 2025 година.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1037/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.